ДРЖАВНА
ЛОТАРИЈА

Акционерско друштво за приредување игри на среќа
Државна лотарија
на Република Северна Македонија
Бр. 02-3499/1
09.06. 2025 год.
СКОПЈЕ

бул. Гоце Делчев бр.
1000 Скоп
тел. (02) 55 11 9

# ПРАВИЛА ЗА ЗАБАВЕН КВИЗ НА ЗНАЕЊЕ „СЕДМО НЕБО“

## ЦЕЛ И ТРАЕЊЕ

Целта на овој забавен квиз на Државна лотарија АД Скопје (во понатамошниот текст ДЛ), е да го дополниме забавна содржина и да ги приближиме темите на ДЛ како занимливости до играчите и публиката истакнувајќи го знаењето како предност и да ги наградувајќи ја лојаноста на играчите коишто го следат развојот, новините и успесите на ДЛ и имаат познавање од различните видови игри на среќа. На овој начин ќе споделиме и голем број информации и занимливости со пошироката јавност, поврзани со работењето на ДЛ, игрите на среќа, добивките од нив итн, преку форма на квиз на знаење. Овој забавен квиз на знаење ќе значи и дополнување на нашата комуникација со учесници во игрите на среќа и пошироката публика со нова забавна содржина, а преку директен контакт со играчи и популаризација на игрите на среќа и успесите на ДЛ. Квизот се состои од 16 емисии (4 циклуси) коишто ќе се снимаат во тек на месец јуни, почнувајќи од 13 јуни заклучно со 15 јуни 2025 година, а ќе се емитуваат на ТВ Канал 5, почнувајќи од месец јули 2025 година.

Со овој документ се регулираат правилата, односно начинот на учество и освојување награда во квизот „Седмо небо“.

## ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО КВИЗОТ

Во овој квиз учествуваат играчите на игри на среќа на ДЛ коишто се пријавиле за учество во квизот „Седмо небо“ на наменски отворената платформа за улество во квизот www.7-nebo.loto.mk или преку линк од веб-страната www.loto.mk, при што одговориле точно на поставеното прашање и доброволно ги оставиле своите точни податоци во формуларот на страната. Понатамошната селекција од целосната листа на кандидати за квизот е направена во телефонски контакт со пријавените кандидати коишто дале точни одговори,. Финално, како учесници на квизот се кандидатите коишто се согласиле да присуствуваат во студио и да ги сносат трошоците на патувањето до Скопје бидејќи ДЛ како организатор не сноси трошоци за патување до Скопје. Право на учество на овој квиз немаат вработени во Државна лотарија, како и членови на нивните семејства и лица на возраст под 18 години.

**ОПИС НА КВИЗОТ – ЗАБАВНА ИГРА НА ЗНАЕЊЕ И НАЧИН ЗА ОСВОЈУВАЊЕ НАГРАДА**

Квизот „Седмо небо“ е квиз на знаење и е поврзан со содржини и теми коишто ДЛ ги споделува на својата веб-страна, во своите ТВ емисии „Лото 7“ и „Седмо небо“, како и на социјалните медиуми, а коишто се однесуваат на делувањето на ДЛ, но и на палетата игри на среќа коишто ДЛ ги приредува. Учесниците во квизот со присуство во студио ќе одговораат на поставени прашања од водител, преку што ќе имаат можност со своето знаење да искачуваат нивоа и освојат награда.

Предвидени се 4 циклуси. Во секој циклус има по 4 емисии. Во три од четирите емисии од еден циклус учествуваат по тројца натпреварувачи и еден од избраните кандидати којшто ќе е во улога на помошник (џокер). Во 4-тата емисија од циклусот учествуваат победниците од трите емисии од истиот циклус (тројца играчи).

Една сесија по учесник содржи до 7 претходно подготвени прашања. Прашањата се поделени по 3 теми: 1. корпоративни – за ДЛ; 2. прашања поврзани со игрите на среќа Лото и Џокер и 3. прашања поврзани со инстант лотаријата на ДЛ. Квизот сдржи вкупно над 32 прашања од коишто 10 % се повторуваат. Прашањата по циклус ќе бидат поделени по теми, а прашањата по циклус се извлекуваат по комјутерски пат. Времето за повторување на прашања не може да се предвиди и ова преттоставува можност кај еден игра двапати да с еповтори исто прашање. Тројцата натпреварувачи во првите 3 емисии од еден циклус ја одредуваат својата позиција со извлекување тема по случаен избор.

Има 7 нивоа за искачување и целта е со точни одговори да се стигне на седмото ниво – на седмо небо. Сите натпреварувачи почнуваат од прво ниво и секое точно одговорено прашање ги носи на погорното ниво. За секој од учесниците на секое ниво е предвидено по едно прашање од неговата тема. Задача на учесникот во квизот е точно да одговори на поставено прашање. Прашањата се само од темите на ДЛ и игрите на среќа на ДЛ, а пристапот ќе е забавен и за учесниците и за публиката во студио и за гледачите. Тежината на прашањата е во градација од полесни кон потешки. Во првите четири круга (на првото, второто, третото и четвртото ниво) одговараат сите тројца на по едно прашање од нивната тема и во тие кругови имаат право да побараат помош од „џокерот“. Доколку некој не знае одговор во првиот, вториот, третиот или четвртиот круг/ниво не може да отпадне, ќе добие помош од „џокерот“ од којшто има право да побара само една помош на кое било од четирите ниво, по негов избор. Сепак, квизот треба да е забавен и за учесниците и за публиката во студио, како и за публиката пред малите екрани и предвдено е водителите да им апомагаат на учесниците на

дисетлив и за публиката интересен начин, додавајќи дополнителни информации и помагајќи и вербално и со гестови и движења.

Првата цел е секој со 4 одговорени прашања да стигне на петто ниво. Веќе на ниво 5 еден играч завршува со натпреварувањето и станува добитник на трета награда, како и џокерот којшто исто така заминува од игра. Следниот играч своето натпреварување ќе го заврши на ниво 6 и станува добитник на втора награда, а само 1 играч може да стигне до ниво 7 и да ја добие првата награда предвидена за таа емисија.

Финалистите од секоја од трите емисии од циклусот се потенцијални добитници на главната награда, за којашто тројцата ќе се натпреваруваат со знаење во финалето на циклусот. Бидејќи на ниво 5 почнуваат елиминициите, доколку тројцата играчи ги знаат одговорите на своите прашања, вклучуваме дополнително прашање за елиминација.

Прашањето за елиминација се однесува на бројчан податок (број/количина/износ) којшто играчите треба да го напишат своред своја што поблиска претпоставка. По поставено прашање секој треба да ја запише својата претпоставка во рок од 7 секунди, По изминување на времето и објавување на податокот би отпаднал оној којшто е најдалеку од вистинскот број. Остануваат двајца коишто се искачуваат на ниво 6, а во случај двајцата да ги знаат одговорите, следното прашање за елиминација ќе го даде победникот, односно би победил оној којшто ќе е поблиску до вистинскиот број. Финалистите од трите епизоди на квизот во рамки на еден циклус, покрај тоа што освоиле прва награда, ќе имаат можност да освојат модерен бежичен звучник со италијански дизајн.

Наградите ќе се подигаат на самата локација, непосредно по завршувањето на секој поединене циклус од забавниот квизот на знање „Седмо небо", со потпишување потребна документација којашто же ги содрќи податоците за понатамошна уплата на персонален данок од страна на ДЛ на име на добитникот на наградата.

**НАГРАДИ**

Вкупниот фонд на награди изнесува 1.553.788,00 денари нето, односно 1.726.413,85 денари бруто со вклучен персонален данок. Персоналниот данок на секоја поединечна награда ќе се плаќа од страна на ДЛ и е на товар на ДЛ како организатор.

| |
|---|
| За третонаградените и џокерите по емисија (вкупно 24) Часовници од брендот Ди Милано, со поединечна цена од 11.500 денари нето, без персонален данок или бруто 12.777,65 денари. |

| |
|---|
| За второнаградените по емисија (вкупно 12) Шах – Малопулос, со поединечна вредност од 18.500 денари нето, без персонален данок или брутосо персон: 20.555,35 денари. |
| За првонаградените по емисија (вкупно 12) Велосипед – Мерида, со поединечна вредност од 49.999 денари нето, без персонален данок или бруто 55.553,89 денари. |
| За победникот на циклус (вкупно 4) Хај-фај бежичен звучник Сонус Фабер Омниа со врвен италијански дизајн, со поединечна вредност од 108.100 денари нето, без персонален данок или бруто 120.109,91 денари |

**КОМИСИЈА И РЕАВАЊЕ ЗАБЕЛЕШКИ**

Спроведувањето на квизот ќе го надгледува избрана трочелна комисија составена од еден надворешен член како претседател и двајца вработени од Секторот за комуникациска статегија и маркетинг на ДЛ. Комисијата совесно ќе ги следи подготовките и текот на квизот, уредно ќе ги внесува податоците на учесниците и победниците и согласно направениот записник ќе ги пополнува потврдите за доделување соодветна награда, поради што сите кандидати треба да носат лична карта.

Комисијата е единствена којашто има право да поништи одговор или да бара прекин за исправка, во текот на подготовките и снимањето на квизот, да констатира неправилност.

Секој учесник на квизот има право да поднесе приговор кон комисијата на денот на негово учество, во случај на незадоволство, забележана или претпоставена неправилност, што комисијата треба разгледа истиот момент, во истата конситуација и да ги земе предвид сите други учесници и активности на самиот ден и на самото место, поврзани со конкретната забелешка, за во случај на констатирана неправилност итата веднаш да се коригира за понатамошен непречен тек снимањето. Секоја забелешка направена подоцна, откако учесник ќе замине со примена награда, како и забелешка доставена подоцна, во тек на емитување на квизот нема да биде разгледувана и ќе се смета за ненавремена и тенденциозна.

До емитувањето на квизот, Државна лотарија како организатор не дозволува публикување фотографии и снимки од текот на снимањето од страна на учесниците и публиката на социјални и други медиуми. Овие правила се истакнати на неколку видливи места каде што се одвива снимањето и дополнително усно им се соопштуваат на учесниците.

Со учеството во Квизот „СЕДМО НЕБО“, учесниците ги прифаќаат правилата на истиот.

Сектор за комуникацуска стретагија и маркетинг

Камелија Левенска ____________________

Сектор за игри на среќа

Тома Јанакиевски ____________________

Сектор за правни работи

Надица Антоновска ____________________

**ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА**

**Генерален директор**

**проф. д-р Александар Климовски**